# С О О П Ш Т Е Н И Е

**ЗА ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 година ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ СО ЗАПИШАН I, III, V и VII СЕМЕСТАР НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ**

1. **ЗАВЕРКАТА, ОДНОСНО ЗАПИШУВАЊЕТО НА ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР ЗА СИТЕ СТУДЕНТИ НА СИТЕ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ И ГОДИНИ ЌЕ СЕ ВРШИ:**

## од 14.02.2020 година (петок)
## до 21.02.2020 година (петок)

- **При заверката, односно запишувањето на семестарот потребно е поднесување на пријавен дупли лист за запишување на семестар и пополнет семестрален лист за претходниот (зимски) семестар.**

***ПРИ ЗАВЕРКА И ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАРОТ, СТУДЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО:***

**- Да го запишат електронски семестарот во I-KNOW системот, да изберат предмети во истиот семестар, како и да го внесат кодот од уписот на семестарот во пријавниот лист кој се доставува до студентски прашања. Електронската заверка на зимскиот семестар ја прави службата за студентски прашања.**

- ***Да подигнат од студентски парламент (соба бр. 38 А):***

**1. ПОТВРДА ЗА УПАТУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ЗА СИТЕ РЕДОВНИ СТУДЕНТИ НА ФЗНХ ВО СОСТАВ НА УКИМ ВО СКОПЈЕ** (30 дена практична настава, која е задолжителна обврска и која студентите треба да ја реализираат најдоцна до уписот на наредната учебна година, односно **25.9.2020 година**, а без која студентите не можат да запишат наредна учебна година. Повеќе информации за практичната настава студентите можат да добијат кај Проф. д-р Ромина Кабранова, продекан за настава)

**2. СИТЕ РЕДОВНИ СТУДЕНТИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОДИГНУВААТ И ПОПОЛНУВААТ СТУДЕНТСКА АНКЕТА ЗА ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 година.**

1. ***Редовните студенти,*** запишани на сите студиски програми, кои имаат остварено услов за запишување на нареден семестар (минус еден предмет од претходниот семестар) имаат обврска при запишувањето на летниот семестар да ја уплатат втората рата (II рата) од 100,00 Евра (во денарска противвредност) на жиро-сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ, со назнака – втора рата за запишување на година односно летен семестар за редовни студенти запишани во државна квота.

2. Редовните студенти на сите студиски програми, кои не ги исполнуваат условите од точка 1, заклучно со јануарската испитна сесија, можат да запишат нареден II, IV, VI, или VIII семестар, со надомест од 3,33 евра за секој кредит од презапишан или неположен предмет од претходниот семестар (6 кредити х 3,33 евра = 19,98 евра од предмет, во денарска противвредност), уплатени на жиро-сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ.

3. ***Редовните студенти со кофинансирање,*** кои ги исполнуваат условите за запишување на нареден семестар (минус еден предмет од претходниот семестар), запишуваат семестар со надоместок од 200,00 Евра, (во денарска противвредност) на жиро-сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ, со назнака – втора рата за запишување на година односно летен семестар за редовните студенти со кофинансирање.

***4.*** Редовните студенти со кофинансирање, кои не ги исполнуваат условите од точка 3, заклучно со јануарската испитна сесија, можат да запишат нареден II, IV, VI, или VIII семестар, со надомест од 6,66 евра за секој кредит од презапишан или неположен предмет од претходниот семестар (6 кредити x6,66 евра = 39,96 евра од предмет, во денарска противвредност), уплатени на жиро-сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ.

**5.** ***Вонредните студенти,*** кои ги исполнуваат условите за запишување на нареден семестар (минус еден предмет од претходниот семестар) запишуваат семестар/година со надоместок од 200,00 Евра (во денарска противвредност) уплатени на жиро сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗАЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ, со назнака – втора рата за запишување на година.

***6.*** Вонредните студенти, кои не ги исполнуваат условите од точка 5, заклучно со јануарската испитна сесија, можат да запишат нареден II, IV, VI, или VIII семестар, со надомест од 6,66 евра за секој кредит од презапишан или неположен предмет од претходниот семестар (6 кредити x 6,66 евра = 39,96 евра од предмет, во денарска противвредност), уплатени на жиро-сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ.

**7.** ***Студентите апсолвенти*** кои запишуваат учебна година по прв, втор и повеќе пати потребно е да уплатат 1250,00 денари од семестар (вкупно 2500,00 денари годишно) и надомест од 3,33 евра за секој кредит од презапишан или неположен предмет од претходниот семестар кај редовни студенти (6 кредити x 3,33 евра = 19,98 евра, во денарска противвредност), односно 6,66 евра за секој кредит од презапишан или неположен предмет кај вонредни студенти (6 кредити x 6,66 евра = 39,96 евра, во денарска противвредност), уплатени на жиро сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИИ ХРАНА ВО СКОПЈЕ.

**8. Правилата и режимот на студирање за студентите и апсолвентите запишани по студиски програми во учебна *2010/2011* и *2011/2012* година, ќе се реализираат со посебна Одлука за утврдување на рокот и условите за завршување на студенти запишани на студиски програми во учебната 2010/2011 и 2011/2012 година на прв циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје.**

- **Запишување после предвидениот рок (во период до 15 работни дена) ќе се врши со надоместок од 500,00 денари уплатени на жиро сметка на Факултетот.**
- **Запишување после предвидениот рок (во период после 15 до 30 работни дена) ќе се врши со надоместок од 2000,00 денари уплатени на жиро сметка на Факултетот.**
- **После предвидениот рок, студентите не можат да запишат семестар**.

## ЖИРО СМЕТКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ Е:

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ, Ж.С. 160010454578810, со ТРЕЗОРСКА СМЕТКА 100000000063095 и ПОВИКУВАЧКИ БРОЈ 723012, ПРОГРАМА 41, НАЧИН 1, СО НАЗНАКА: ЗА ЗАПИШУВАЊЕ, ПРИМАЧ: НАРОДНА БАНКА НА РМ.

*ПОТРЕБНИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИТЕ МОЖАТ ДА ГИ НАБАВАТ ВО ФОТОКОПИРНИЦАТА НА ВЛЕЗОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ.*

*ОД ДЕКАНАТОТ НА ФЗНХ*